Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа, а во согласност со член 49 став 1 алинеа 7 од Законот за пожарникарство ("Сл.Весник на РМ" бр.67/04, 81/07,55/013, 158/014, 193/015 и 39/016), Советот на Општина Кочани, на седницата одржана на 24.01. 2018 година, утврди

ЦЕНОВНИК

за определување на висината на цените за услугите што ги дава територијалната противпожарна единица Кочани

I. Вршење на услуги со противпожарни возила:

1.За работа со автомеханичарска скала се наплатува за еден (1) час 7.500,00 денари.

2.За носење на вода со ПП возило до 8000 литри се наплатува за една (1) цистерна по 3.000,00 денари. На оваа цена се додава цената за хлорирање на водата.

3.За носење на вода со ПП возило до 5000 литри се наплатува за едно (1) возило по 2.000,00 денари. На оваа цена се додава цената за хлорирање на водата.

4.За користење на ПП возило за обезбедување на саеми, јавни приредби, спортски натпревари, индустриски и други објекти се наплатува за еден (1) час 2.500,00 денари.

5.За користење на ПП возило за давање-носење, односно транспорт на вода под притисок се наплатува:

а) за носење вода за една (1) цистерна 3.000,00 денари;

б) за работа на пумпата за празнење на една (1) цистерна 1.000,00 денари.

6.За користење на теренско возило како и теренско возило со вградена опрема за гасење на почетни пожари се наплатува по 70,00 денари од поминат километар, како и по 100,00 денари од час за време на задржување на возилото.

II. Услуги со моторни и електрични пумпи

1.За работа со моторна пумпа се наплатува за еден (1) час 1.000,00 денари.

2.За работа со електрична пумпа со капацитет од 680 литри во минута се наплатува за еден (1) час 700,00 денари.

3.За работа со електрична пумпа со капацитет од 3.000 литри во минута се наплатува за еден (1) час 1.200,00 денари.

4.За работа со електрична пумпа со капацитет од 5.000,00 литри во минута се наплатува за еден (1) час 2.100,00 денари.

Времето за работа на пумпата се пресметува од излегувањето на пумпата од единицата до нејзиното враќање во истата.

III. Услуга со противпожарни скали

1.За скала растегача се наплатува за еден (1) час 1.000,00 денари.

2.За скала кукача се наплатува за еден (1) час 800,00 денари.

3.За скала составувача се наплатува за еден (1) час за еден дел (колено) 200,00 денари.

4.За морнарска скала се напалтува за еден (1) час 800,00 денари.

Времето на користење на скала се пресметува од излегувањето на скалата од единицата до нејзиното повтроно враќање во истата.

IV. Цена на работна рака

1.За ангажирање на работник при вршење на услуги од ТППЕ-Кочани, се наплатува за еден (1) час 200,00 денари, од корисникот на услугата.

2.За работниците кои при вршењето на услугата на терен ќе се задржат подолго од осум (8) часа се пресметува и дневница според позитивните законски прописи, а доколку има и ноќевање трошоците за истото паѓаат на товар на корисникот на услугата.

V. Користење на ПП опрема

- ПП црево со спојка Ф 52мм, се наплатува 130,00 денари од еден (1) час.
- ПП црево со спојка Ф 75мм, се наплатува 160,00 денари од еден (1) час.
- ПП опасач се наплатува 60,00 денари од еден (1) час.
- ПП шлем се наплатува 50,00 денари од еден (1) час.
- ПП јаже се наплатува 200,00 денари од еден (1) час.
- Работа на генератор за производство на електрична енергија, се наплатува за еден (1) час 500,00 денари.
- Полнење на боца од изолационен апарат од 200 бари, се наплатува 250,00 денари од боца.
- Полнење на боца од изолационен апарат од 300 бари, се наплатува 300,00 денари од боца.
- Користење на мегафон се наплатува за еден (1) час 200,00 денари.
- ПП млазница се наплатува за еден (1) час 200,00 денари.
- Користење на редуцир спојка, се наплатува за еден (1) час 100,00 денари.
- Користење на рефлектор, се напалтува за еден (1) час 150,00 денари.

VI. Услуги со друга Противпожарна опрема

ТППЕ-Кочани може да врши услуги и со друга противпожарна опрема која што не е во состав на опремата од ПП возилата:

- Услуга за чистење на димноводни канали
  Цената на работна рака е 500,00 денари од еден (1) димноводен канал.

VII. Преодни и завршни одредби

Со донесувањето на овој Ценовник, престанува да важи Ценовникот донесен од Советот на Општина Кочани бр.07-352/1 од 27.02.2006 година.

VIII. Ценовникот влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Кочани".

Бр.09- 267/1
24.01.2018 година
К о ч а н и

Претседател
на Советот на Општина Кочани,
Томе Солевски